**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

БР. 03-1502/2
од 25.04.2023 год.
Прилеп

Врз основа на член 35, став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, 193/15, 44/15, 31/16, 163/16,64/18 и 168/18), член 93 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

Се организира јавна презентација и јавна анкета по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ШТАВИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 1, ОПШТИНА ПРИЛЕП.

Опис на планскиот опфат:

Планскиот опфат го опфаќа селото Штавица, на подрачјето на КО Штавица во Општина Прилеп.

Границата на планскиот опфат на Урбанистички план за село Штавица со разработка на блок 1, Општина Прилеп се дефинирани со Условите за планирање на просторот бр. УП1-15 1502/2019 од. 31.10.2019, **зафаќа површина од 15,57 ха**, е дефиниран со следните граници:

Границата на планскиот опфат започнува од границата на катастарската парцела 1574, се движи северно по границите на парцелите 1573, 1580, 1581, 1589, 1588, 1615, 1637, 1629, 1635, потоа границата ја сече парцелата 1636, па ја сече и парцелата 1660 (пат), па продолжува кои исток по границите на парцелите 1642 и 1643 , па ги сече катастарските парцели 1645, 1652, 1646, потоа се движи по границата на парцелата 1655, потоа границата на опфатот се движи кој југ по границите на парцелите 1646, 1657, 1688, 1686, 1685, 1684, 1683, 1682, 1721(пат), 1720, 1719, 1718, 1715, 1714, 1713, 1712, 1711, 1710, потоа продолжува по границата на 2273 (пат) па се движи кон запад сечејќи ја парцелата 2273, потоа се движи по границите на парцелите 1741, 1779, 1777/1, 1778, 2274 (пат), потоа и ја пресекува истата парцела 2274, границата продолжува по катастарските парцели 1567 и 1574 од каде што и започна опфатот.

За конкретниот плански опфат , претходна урбанистичка документација е изработувана уште во 1998 год, каде со одлука на совет на Општина Прилеп , заведена под бр.07-1119/1 од 31.08.1998 год е усвоен ОПШТ акт за населено место Штавица, но истиот не е во важност.

Подрачјето на планскиот опфат е на територија на Општина Прилеп.

Јавната анкета и јавната презентација по УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ШТАВИЦА СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 1, ОПШТИНА ПРИЛЕП ќе се спроведе со излагање на Предлог Планот во просториите на Општина Прилеп.

Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението, односно од 28.04.2023 година до 05.05.2023 година секој работен ден од 8,30 до 15,30 часот.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 28.04.2023 година, петок, во 12:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовчески**

Република Северна Македонија Градоначалник Општина Прилеп